Синдикална организација на
Македонски Телеком АД-Скопје
Бр. 172/1
05.10. 20 16 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 и член 28 од Статутарните Правила за работа и организациона поставеност на Синдикалната Организација на Македонски Телеком АД Скопје, Советот на Повереници на ден 04.10. .2016 година, донесе

# ОДЛУКА

За изменување и дополнување на Статутарните Правила за работа и организациона поставеност на Синдикалната Организација на Македонски Телеком АД Скопје/бр.62/3 од 11.07.2014/

Член 1

Се усвојува изменување и дополнување на Статутарните Правила за работа и организациона поставеност на Синдикалната Организација на Македонски Телеком АД Скопје /бр.62/3 од 11.07.2014/ и тоа како што следи:

1. Во членот 1 во точка 2 се доддава нов став кој гласи:

" СОМКТ може да ги опфаќа, организира и прифаќа во свое членство и вработените во Македонски Телеком АД Скопје, кои што се привремено вработени преку Агенција за привремено вработување."

2. Во членот 5 се доддава нова точка 5 која гласи:

"Член на СОМКТ може да биде и работник, кој што е привремено вработен во Македонски Телеком АД Скопје, преку Агенција за привремено вработување.

Доколку кај работникот член на СОМКТ, кој што е привремено вработен во Македонски Телеком АД Скопје, преку Агенција за привремено вработување, настане промена/трансформација/ на работниот однос, односно заснова работен однос со Македонски Телеком АД Скопје како работодавач, во тој случај неговото членство во СОМКТ продолжува, по принципот на континуитет, во поглед на правата од членување согласно актите на СОМКТ.

Одредбите од точките 1,3 и 4 од овој член се однесуваат и на членовите кои што се привремено вработени во Македонски Телеком АД Скопје, преку Агенција за привремено вработување."

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа Одлука е донесена преку електронско изјаснување на членовите на Советот на Повереници.

Синдикалната Организација на

Македонски Телеком АД Скопје

Главен Повереник

Јордан Сандев

Синдикална организација на Македонски Телеком АД Скопје
С К О П Ј Е